## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1357.**

Врз основа на член 5, став 3 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.4.2018 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИТЕТ ЗА ИСТРАГА НА ВОЗДУХОПЛОВНИ НЕСРЕЌИ И СЕРИОЗНИ ИНЦИДЕНТИ

Член 1

Во Одлуката за формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/12), членот 2 се менува и гласи:

„Комитетот го сочинуваат тројца истражители кои се именувани од Владата на Република Македонија согласно член 170 од Законот за воздухопловство.“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2580/1
3 април 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1358.**

Врз основа на член 9 од Законот за основање на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија“ бр.3/98 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.4.2018 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРЕСМЕТКА ЗА 2017 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА

1. Со оваа одлука се потврдува Годишната пресметка за 2017 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола бр.02-76/15 донесена од Управниот одбор на Агенцијата на 22.2.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2687/1
17 април 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1359.**

Врз основа на член 27 став (9) и член 28 став (6) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15 и 39/16), Владата на Република Македонија на седница одржана на 17.4.2018 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПШТИТЕ И ПОСЕБНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА ВО ОДНОС НА МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНИТЕ НИВОА НА РЕЗИДУИ ОД ПЕСТИЦИДИ ВО ИЛИ ВРЗ ХРАНАТА И ХРАНАТА ЗА ЖИВОТНИ ОД РАСТИТЕЛНО И ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Правилникот за општите и посебните барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло, бр. 02-14/3 од 27.2.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2905/1
17 април 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1360.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.4.2018 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за финансии му престанува користењето на движните ствари - книги и тоа: